Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Архивски број: 11-2177/1
Датум: 28-02-2019
До: Градоначалник на Општина_______________
Г-дин ___________________
Предмет: Известување

Почитувани,

Во рамките на своите залагања за континуирано развивање на системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст преку зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, Министерството за труд и социјална политика во буџетот издвојува средства наменети за изведување на градежни работи за изградба, адаптација и реконструкција на детски градинки како и набавка, испорака и монтажа на опрема за истите, а за оваа намена обезбедени се и дополнителни средства преку заем од Светска банка за грантови за општините за проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од претшколска возраст. Исто така и општините преку други извори на средства или сопствени средства од општината финансираат градежни работи и опремување за проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца.

Со оглед дека искуството на Министерството во изминатиот период покажа дека најголем дел од проектите за проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца не се во целост во согласност со пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста, поради што сите се соочуваме со проблем кога има изготвено проекти од овластени фирми а притоа проектите не се изготвени во целост по стандари, Министерството за труд и социјална политика го упатува ова известување до Општините со цел во нареден период да се превземаат претходни мерки заради навремено согледување и потврда дека проектите за проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се изготвуваат согласно пропишаните стандарди:

1. Општините пред да ангажираат фирма за изработка на основен проект, да достават до Министерство за труд и социјална политика допис со известување за намера за изготвување на проект со прилог документација за локацијата, со што би се потврдила имотната состојба и соодветната урбанистичка намена на земјиштето – здравство и социјална заштита.

2. По добивање на потврда за соодветноста на локацијата од Одделението за инвестиции на Министерство за труд и социјална политика, општините можат да


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

ангажираат фирма за изготвување на проект која треба да биде отворена за соработка и сугестии со стручните лица од МТСП.

3. Во почетната фаза на изработка на проектот, потребно е општината да побара средба со претставници од министерството за презентација на идејното решение на проектот и истото да се одобри од страна на архитектите од министерството дека е во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца и измените и дополнувањата на Правилникот (Службен весник на РМ, бр. 151 од 15.8.2018 година).

4. Доколку има потреба од консултации за време на изработка на основниот проект, општината може да побара состанок, а дополнително пред предавањето и заверката на основниот проект од страна на проектантите потребно е истиот да се одобри писмено од страна на архитектите на МТСП дека ги исполнува сите пропишани стандарди и нормативи.

Сите проекти, без разлика на изворот на финансирање, треба задолжително да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца и измените и дополнувањата на Правилникот (Службен весник на РМ, бр. 151 од 15.8.2018 година).

Со цел подобрување на условите и квалитетот на предучилишното воспититание Министерството за труд и социјална политика останува отворено за соработка и понатаму во соработка со општините ќе продолжи посветено да работи на изградба на нови градинки и проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на предучилишни деца.

Со почит,

Министер
Мила Царовска

Изработил: Маја Димишковска
Маја Даскаловска
Контролирал: Вера Ристовска
Одобрил: Снежана К Фрчковска


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk